**Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас**

## Повик за ангажирање на финансиски/институционален експерт

Здружението за еколошко одржлив развој Зелен институт од Скопје во партнерство со Националното здружение на сопственици на приватни шуми , во рамки на проектот „Нула биоотпад: Системски промени во партнерство со граѓаните", поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас, објавува заденички :

## Јавен повик за ангажирање на финансиски/институционален експерт

Експертот ќе работи заедно со тим од технички експерти во две фази:

- **Фаза А2.1 – Базично истражување (15 дена)**
- **Фаза А2.3 – Пред-физибилити студии (20 дена)**

**Цели и задачи**

**Фаза А2.1 – Базично истражување:**

Финансискиот/институционалниот експерт соработува со двајца технички експерти од кои секој покрива по два региони: Експерт 1: Вардарски и Југоисточен и Експерт 2: Источен и Североисточен регион. Финансискиот/институционален експерт е одговорен за сите четири региони.

Во текот на оваа фаза се разработуваат предлог техничко/технолошки и логистички регионални **алтернативи** за управување со биоотпад, се вршат груби CAPEX/OPEX пресметки, логистика, пазарен потенцијал, волја за плаќање, институционални модели и економски сценарија на ниво на концепт. Целта е да се добие **широка слика** и основа за избор на најсоодветни решенија.
Анализата ќе се спроведе со диференциран регионален пристап, имајќи ги предвид специфичните економски, географски и пазарни карактеристики на секој регион. Различните типови на биоотпад, густината на население и економските активности ќе влијаат врз изборот и бројот на технолошки и институционални алтернативи што ќе се разработуваат по регион.

**Улога на техничките експерти:**

Во текот на оваа фаза техничките експерти работат на анализа на создавање и видови биоотпад во пилот-општините: Кавадарци, (Вардарски регион), Радовиш (Југоисточен регион), Берово (Источен регион), Куманово (Североисточен регион) и екстраполација на податоците од пилот-општините кон сите општини во регионите; потоа, врз основа на спроведените анализи, се подготвуваат **алтернативни регионални концепти за собирање, транспорт, складирање и третман на биоотпадот.** Особено се анализираат алтернативните технологии за третман на биоотпадот, како на пример:

- **Компостирање (децентрализирано или централизирано),** се добива компост (органско ѓубриво) со примена во земјоделството, хортикултурата и озеленување на деградирани површини.
- **Анаеробна дигестија (биогас постројки),** се добива биогас  (електрична и топлинска енергија) и дигестат кој се користи како органско ѓубриво

- **Производство на пелети/брикети/дрвен чипс,** се добива гориво за греење и топлинска енергија за индустриски потреби
- **Сушење и преработка на органски остатоци,** за добивање протеински брашна, сточна храна и гориво заористење во сточарството
- **Ферментација / биотехнолошка преработка,** се добива биоетанол (биогориво), органски киселини што се користат како индустриски суровини
- **Рендеринг (термичка обработка на животински биоотпад), с**е добиваат животински масти (за производство на биодизел, користење во индустрија за сапуни и козметика) и протеински брашна (за сточна храна и индустрија за домашни миленичиња).

Врз основа на видовите и количините на биоотпад во регионите, ќе се анализира применливоста на наведените технологии, нивните силни и слаби страни, со цел избор на оптимални технолошки решенија за третман на биоотпадот во секој од регионите.

**Улога на финансискиот/институционален експерт:**

Во рамки на активноста А2.1 експертот изработува финансиски анализи (CAPEX, OPEX, логистика, приходи и пазарен потенцијал) и предлага институционални модели на ниво на концепт, со цел да се добие реална и применлива основа за избор на најсоодветни решенија. Експертот ги спроведува следните активности:

- Подготовка на финансиски рамки за селектирани техничко/технолошки алтернативи, релевантни за секој регион, врз основа на нивната применливост и потенцијал за реализација:
    - CAPEX (инвестициони трошоци: опрема, инфраструктура, возила, контејнери).
    - OPEX (оперативни трошоци: гориво, плати, одржување, енергија).
    - Логистички трошоци (собирање, транспорт, складирање).
    - Волја за плаќање кај субјектите.
    - Пазарен потенцијал за компост, биогас, пелети.

- Анализа и предлог на **институционални модели** (Јавно комунално претпријатие одговорно за реигоналниот систем за управување со биоотпад, јавно приватно партнерство, целосно приавтни модели – задруги, акционерски друштва итн.).

**Фаза А2.3 – Пред-физибилити студии**

По завршувањето на базичното истражување (А2.1) и дискусиите на регионалните форуми, општините и компаниите избираат приоритетни решенија за управување со биоотпад. Во оваа фаза се изработуваат **четири пред-физибилити студии – по една за секој регион**.
Во оваа фаза, пред-физибилити студиите ќе се базираат на претходно приоритизирани решенија по регион. Бројот и комплексноста на анализираните сценарија може да варираат по регион, во зависност од нивната релевантност, зрелост и потенцијал за имплементација.
Финансискиот/институционалниот експерт соработува со двајца технички експерти од кои секој покрива по два региони: Експерт 1: Вардарски и Југоисточен и Експерт 2: Источен и Североисточен регион. Финансискиот/институционален експерт е одговорен за сите четири региони.

Во оваа фаза се разработуваат **избраните технолошки, финансиски и институционали алтернативи** од одржани четири регионални форуми. Финансискиот експерт прави индикативни **пресметки** – конкретни CAPEX/OPEX проценки, финансиски модели, период на поврат, институционална изводливост.

**Улога на техничките експерти:**

Во оваа фаза техничките експерти прават детална пред-проектна разработка на избраните технички решенија, која вклучува:

- Опис на избраните технологии со основни технички параметри (капацитети, тип на опрема, просторни барања).
- Разработка на сценарија за примена во секој регион (централна постројка, повеќе децентрализирани постројки, комбиниран модел).
- Процена на потребна инфраструктура (приближни просторни потреби, услови за прием на биоотпад, претретмани).
- Препораки за критериуми за избор на локација.
- Основна анализа на технички ризици и мерки за нивно ублажување.
- Подготовка на не-техничко резиме со извршно резиме на англиски јазик.

**Улогата на финансискиот/институционален експерт:**

Експертот е одговорен за сите четири региони и обезбедува финансискиот и управувачкиот „скелет“ на пред-физибилити студиите. Неговите задачи се:

- Индикативна финансиска проценка на избраните решенија – анализа на CAPEX (инвестициони трошоци: постројка, опрема, инфраструктура) и OPEX (оперативни трошоци: персонал, енергија, одржување, логистика), базирана на достапни податоци и претпоставки, со процена на потенцијални приходи и заштеди.
- Изработка на поедноставени финансиски модели – структура на трошоци и приходи и основни сценарија за период на поврат на инвестицијата.
- Разработка на избраните институционални модели во секој од регионите со дефинирање на клучни улоги и одговорности помеѓу јавниот сектор, приватните партнери и регионалните тела.
- Идентификација на можни извори на финансирање и клучни предуслови за изводливост – национални и ЕУ фондови, зелени фондови, јавно-приватни модели, како и основни правни и институционални предуслови за имплементација.

Финансиските анализи и модели ќе бидат индикативни и базирани на достапни технички податоци и претпоставки.

**Работни задачи и распределба на денови**

**Фаза А2.1 – Базично истражување (15 дена):**

- Подготовка на финансиска рамка за секоја технилко-технолошка и логистичка алтернатива – **5 дена**

- Подготовка на економски и управувачки сценарија – **5 дена**
- Анализа на институционални модели – **5 дена**

**Фаза А2.3 – Пред-физибилити студии (20 дена)**

- Финансиска проценка на избраните решенија (CAPEX/OPEX, логистика, приходи, заштеди) – **8 дена**
- Изработка на основни финансиски модели (структура на трошоци, период на поврат) – **4 дена**
- Разработка и споредба на институционални модели – **4 дена**
- Дефинирање на улоги и одговорности – **2 дена**
- Идентификација на извори на финансирање и предуслови за изводливост – **2 дена**

Планирани исходи од Фаза А2.1 – Базично истражување (финансиски/институционален експерт)

- Базично истражување за сите четири региони и тоа:
    - Финансиски рамки за селектирани и релевантни алтернативи по регион, со приближни CAPEX (инвестициони трошоци) и OPEX (оперативни трошоци).
    - Проценка на логистички трошоци за собирање, транспорт и складирање (на индикативно ниво).
    - Основна анализа на волја за плаќање кај клучни субјекти (општини, компании).
    - Индикативна проценка на пазарен потенцијал за главните производи (компост, биогас, пелети).
    - Предлог на институционални модели (ЈКП, меѓуопштинска соработка, ЈПП) на концептуално ниво.
    - Разработка на ограничен број економски и управувачки сценарија по регион, со препорака на приоритетно решение.
    - Придонес кон подготовка на публикација во дигитална форма (PDF) со кратко извршно резиме на англиски јазик.

Резултатите од оваа фаза ќе служат како основа за дискусија и приоритизација на регионалните работилници.

Планирани исходи од Фаза А2.3 – Пред-физибилити студии (финансиски / институционален експерт):

- Четири пред-физибилити студии – по една за секој регион, базирани на приоритизирани решенија од регионалните работилници:
    - Индикативна финансиска проценка на избраните решенија (CAPEX, OPEX, потенцијални приходи и заштеди).
    - Поедноставени финансиски модели (структура на трошоци и приходи, основна логика на поврат на инвестиција).
    - Разработка на избраните институционални модели со јасна распределба на улоги и одговорности.
    - Идентификација на можни извори на финансирање и клучни предуслови за изводливост.

- o Придонес кон подготовка на публикација во дигитална форма (PDF) со кратко извршно резиме на англиски јазик.

Анализите ќе бидат на индикативно ниво и ќе служат како основа за понатамошна детална разработка на ниво на физибилити студии со идејни проекти, која не е дел од овој проект.
**Времетраење**

Ангажманот на изработката на Базичното истражување е планиран од почетокот на мај 2026 до крајот на јули 2026 година, а на подготовката на Предфизибилити студиите е од почетокот на септември до крајот на декември 2026 година.

**Потребни квалификации и искуство на кандидатите**

**Образование:**

- Универзитетска диплома од економски, менаџмент или сродни науки.
- Постдипломски студии ќе се сметаат за предност.

**Искуство:**

- Најмалку **5 години** искуство во финансиски анализи, институционални модели и управување со јавни услуги.
- Учество во најмалку 2 проекти за подготовка на финансиски рамки, анализа на трошоци и инвестиции и развој на институционални модели.
- Најмалку **3 реализирани проекти** со општини и јавни
- Докажано учество во најмалку **2 меѓународни проекти** (ЕУ, IPA, донатори).

Апликантите мора да бидат независни и без било каков конфликт на интереси. Имајте предвид дека **државните службеници и другиот персонал на јавната администрација не смеат да бидат ангажирани** ако претходно не е добиено писмено одобрение од Договорниот орган.

**Постапка за аплицирање**
Апликацијата треба да содржи:

- Мотивациско писмо, со вклучено изразување интерес и достапност заедно со финансиска понуда (до 2 страници)
- Биографија (CV) со релевантни референци.
- Предлог-методологија (до 3 страни)

**Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас**

Пријавите се доставуваат најдоцна до 07  мај  2026, до 16 часот, на е-меил: zelen.institut@gmail.com и macprifor@yahoo.com Контакт лице:  Зекија Мемедова Христова 070 305 964 и Војо Соколовски, 075/485-441

Содржината на овој повик е единствена одговорност на Националното здружение на сопственици на приватни шуми и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или на организациите што го спроведуваат.